Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

март 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 07. 03. 2025
Орг. Един. / Njësia Org.: 08
Број / Numër: 1586/1
Прилог / Shtojcë:
Вредност / Vlerë:

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка.*

**Пратеници:**

Димитар Апасиев__________________

Борислав Крмов__________________

Реџеп Исмаил__________________

Јована Мојсоска__________________

Амар Мециновиќ__________________

Сашко Јанчев__________________

2

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со *Законот за работните односи* („Службен весник на Република Македонија„ бр.62/05; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023 и 39/2025 ) се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите, како и правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос, меѓу кои и правото на плата.

Исплатата на платата подразбира почит кон трудот на работникот, што пак влијае врз лојалноста и продуктивноста на истиот.

Во моментов согласно постоечкиот закон платата се исплаќа најдоцна 15 дена по изминувањето на исплатниот период кој не може да биде подолг од еден месец т.е. платата за претходниот месец се исплаќа најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

Тргнувајќи од тоа дека за голем број на домаќинства единствен месечен приход е платата, воспоставената пракса за исплаќање на платата на 15-ти во месецот не е во функција на реалните економски околности во кои се наоѓаат работниците, дотолку што истата покрај финансиската несигурност кај работниците, влијае и на целокупната економската стабилност на државата. Високите животни трошоци и ниските плати, комбинирани со фактот дека најголем дел од месечните сметки т.н. режиски трошоци, за струја, вода, кирија, итн., доспеваат за плаќање на почетокот на месецот, истото ги доведува работниците во фининсиски незавидна ситуација и обврски за плаќање на дополнителни камати за задоцнето плаќање. Од таквата состојба директна последица која произлегува е продлабочувањето на проблемот со прекумерното задолжување на граѓаните, кои со цел подмирување на месечните трошоци, во краен случај неретко се принудени на дополнително задолжување преку брзи кредити, дозволени минуси и позајмици со високи камати и трошоци, што дополнително ја влошува и онака незавидната финансиската состојба на работникот.

Од друга страна со оглед на тоа што постои и одреден број на работници кои платата ја добиваат на почетокот на месецот и се во можност да ги подмират

режиските трошоци без дополни камати за задоцнето плаќање, ваквото законско решение стимулира нееднаквост и економска дискриминација меѓу работниците.

Навремената исплата на платата на почетокот на месецот, за работникот значи олеснување на финансискиот товар предизвикан поради задоцнети плаќања и овозможува рационално планирање на месечните финансии, што е важно за економска стабилност на државата.

Некои европски држави, водејќи се од важноста на навремената исплата на платата, со своите законодавства предвидуваат исплата на платата за тековниот месец и на крајот од месецот или пак во првите пет дена од новиот месец, со цел зачувување на стабилноста на својата економија.

Оттука, следејќи ги европските практики, стремејќи се кон зајакнување на работничките права и економската стабилност на државата произлегува и нужноста за предложените измени.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за работните односи.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗБУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

Не се потребни средства за спроведување на предложениот закон.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ бр.62/05; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023 и 39/2025) во член 109 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Платата на работникот за тековниот месец се исплаќа најдоцна до петтиот ден од наредниот месец.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи два члена.

Членот 1 предвидува измена на членот 109 од основниот Закон за работните односи, кој се однесува на рокот за исплата на плата на работникот.

Членот 2 го предвидува рокот за влегување во сила на законот, без вообичаениот уставен рок - *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ
НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВОПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе овозможи подобрена финансиска стабилност, ќе ја намали нееднаквоста и ќе овозможи зголемена продуктивност кај работниците, што позитивно ќе влијае врз целокупната државна економија.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ
(ИЗВОД)

**Ден на исплаќањето**

**Член 109**

(1) Платата се исплатува за периоди кои не смеат да бидат подолги од еден месец.
(2) Платата се исплаќа најдоцна 15 дена по изминувањето на исплатниот период.
(3) Ако денот на исплаќањето е слободен ден, платата се исплаќа најдоцна идниот прв работен ден.
(4) Работодавачот е должен претходно писмено да ги извести работниците за денот на исплаќањето и за секоја промена на денот на исплаќањето.